ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 26 – 119/6

Дата: 30.09.2011

**ДО**
**ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст- Фонд) за 2010 година.
Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2008 година. Исто така, извршена е ревизија на усогласеност на остварување на правото на старосна и семејна пензија кај Фондот за 2009 година, при што не е изразен ревизорски заклучок.
Препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година во најголем дел се спроведени.
За финансиските извештаи за 2010 година изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики изразено.
Преминувањето на евиденцијата и наплатата на придонесот на пензиско и инвалидско осигурување во надлежност на Управата за јавни приходи согласно законската регулатива предизвика зголемување на ненаплатените побарувања од обврзниците за придонесот. Евидентирањето и начинот на работа е регулирано со договор потпишан помеѓу Фондот и Управата за јавни приходи. Според договорот Фондот добива информации од Управата за јавни приходи само за наплатениот износ на придонесот, но не и за пресметаната обврска на

обврзниците, со што Фондот нема целосни информации за износот на побарувањата по основ на придонесот, потребно за креирање на активностите во наредниот период и каква е динамиката на наплатата на придонесот од страна на обврзниците.

Фондот се соочува со проблемот на наплата на ненаплатените побарувања по основ на пресметан а неплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 2008 година и на наплата на побарувањата по основ на штети. Причините за ненаплатените придонеси до 2008 година се заради фактот што дел од обврзниците се во ликвидација или стечај, дел претставуваат неактивни обврзници, дел се обврзници, но не плаќаат придонес и обврзници кои не се усогласени со Законот за трговски друштва. Кај одделни подрачни единици е констатирано дека во одделни случаи ненавремено е постапено при изготвување на записници и решенија. Структурата на побарувањата по основ на ненаплатен придонес по подрачни единици е различна, што укажува дека процесите на контрола и наплата се изведени со различен интензитет.

Влошената финансиска состојба на Фондот заради намалување на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување во услови на економска криза заради која не се оствarија очекуваните предвидувања во делот на зголемиување на вработеноста, придонесе Фондот во 2010 година да користи се поинтензивно позајмици од Буџетот на Република Македонија. За истакнување е трендот на зголемување на „тековниот дефицит“ (16,2%) транзиционите трошоци (7,5%) и редовните обврски согласно законската регулатива (10,3%), кои заедно во 2010 година учествуваат со 34% во вкупните приходи на Фондот (23,6% во 2001 година). Воспоставената законска обврска преку пресметување и плаќање на придонесот не ги задоволува потребите на пензионерите во Република Македонија, со што секоја година се зголемува зависноста на Фондот од позајмување на буџетски средства од Основниот буџет на Република Македонија.

Начинот на трансферирање на буџетските средства за потребите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика не дава реална слика за висината на буџетот на наведеното Министерство, во услови кога при трансферот на буџетските средства на сметката на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, Министерството нема значајна улога која ќе овозможи додадена вредност на овој процес. Заради наведеното и заради поефикасно користење на средствата, ревизијата е на мислење дека трансферирањето на буџетските средства од Основниот буџет на Република Македонија треба да се спроведе директно на сметката на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 19 до 21, заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Фондот кои се состојат од Биланс на приходи и расходи, Биланс на состојба и Преглед на промените на изворите на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2008 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции за 2008 година. Исто така, извршена е ревизија на усогласеност на остварување на правото на старосна и семејна пензија кај Фондот за 2009 година, при што не е изразен ревизорски заклучок

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Исни Јакупи, Директор на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на сметката на Фондот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 02/03/2011 до 08/07/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре го опфати спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година, при што е констатирана следната состојба:

- Целосно се спроведени препораките по основ на почитување на одредбите од Законот за јавни набавки и обезбедени се потребни документи за размена на недвижностите со субјектот кој има објект во иста парцела, додека препораките за усогласување на Одлуката за организација и систематизација на работните места во стручната служба на Фондот и проценката за потребата од нови вработувања, како и регулирањето на побарувањата по основ на дивиденда, се во завршна фаза;
- Не е спроведена препораката во делот на изготвување на сметководствена политика за перманентно усогласување на побарувањата и обврските со субјектите;
- Во тек е постапката за излагање на катастарските парцели – земјиштето.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Фондот – предмет на ревизија, на ден 01.07.2011 година.
Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

**4.1. Усогласеност со закони и прописи**

**4.1.1.** За состојбата на побарувањата од граѓани, странски субјекти и другите побарувања, искажана во сметководствената евиденција и во финансискиот извештај Биланс на состојба, комисијата за попис на побарувањата и обврските има изготвено извештај во кој се искажани збирни податоци за побарувањата, но не и по видови на побарувања, односно побарувања по основ на штети – неправилно исплатени пензии и побарувања по основ на ненаплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување до 2008 година. Покрај наведеното, комисијата за попис не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата, не ги утврдила причините за неблаговремена наплата на истите, не ја утврдила нивната старосна структура, како и преземените активности за нивна наплата.

Нецелосно извршениот попис и неизвршеното усогласување со сметководствената состојба на побарувањата претставува неправилна примена на одредбите од член 21 и 29 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и одредбите од член 29 и 31-в од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Нецелосно извршениот попис може да придонесе за нереално и необјективно искажување на побарувањата во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Одговорното лице на Фондот да преземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските, во сите фази, согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

**4.1.2.** Фондот за потребите на своето финансирање, остварува приходи по разни основи, согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување и другите законски прописи. Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола потребно е да се воспостави контрола во начинот на остварување на приходите, нивното евидентирање и наплата и реалното искажувања на нивната вредност. Контролата како една од компонентите на финансиското управување подразбира помеѓу останатото и изготвување на процедура за целосно, точно и ажурно евидентирање на приходите во сметководствената евиденција. Фондот нема донесено процедура за остварувањето на приходите, што може да предизвика ризик од нецелосно и ненавремено остварување на приходите согласно законската регулатива.

Во текот на ревизијата, одговорните лица на Фондот имаат изготвено повеќе процедури кои се однесуваат на навременото и целосното остварување на сите видови приходи.

4.1.3. Поради зголемениот обем на работа предвиден со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за матична евиденција за осигурениците и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување, Фондот согласно член 252 од Законот за работни односи ангажирал лица за самостојна работа, чија бројка во минатиот период се движел од 31 до 36. За нивно ангажирање склучени се договори за извршување на повремени работи и за овие активности исплатени се средства во вкупен износ од 5.916 иљади денари. Со ревизијата е констатирано дека со истите лица се обновени месечните договори, односно биле ангажирани за период подолг од еден месец, а дел од истите се ангажирани и повеќе години. Оваа исплата е спротивна на член 22 од Законот за работни односи и член 4 од Законот за агенциите за привремени вработувања, според кој работодавачот потребата од работници ја обезбедува преку агенција за посредување при вработување. Овие лица се ангажирани за вршење работи кои не се надвор од дејноста на работодавачот, туку на работни места кои се предвидени со актот за организација и систематизација на Фондот.
Наведениот начин на ангажирање на лицата остава простор за субјективно одлучување при изборот и не обезбедува фер конкуренција.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави систем на ангажирање лица за извршување на повремени работи согласно одредбите од Законот за работни односи и Законот за агенциите за привремени вработувања.

4.1.4. Правата од пензиско и инвалидско осигурување, осигурениците ги остваруваат во подрачните единици согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Вработените во Фондот своите работни задачи ги извршуваат согласно Одлуката за организација и систематизација на работните места во Стручната служба на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.
Ревизијата опфати неколку предмети кај пет подрачни единици, избрани со примена на IDEA софтверот, при што се констатирани следните состојби:

- Служба за архивско работење во подрачните единици:

Во одделни подрачни единици образецот „Преглед на податоци број 1„ не е приложен во одделни предмети, така што отсуството на овој образец во моментот на отпочнување на постапката за остварување на правото не е во согласност со Упатството за организација и начинот на вршење на работите во постапката за остварувања на правата од пензиското и инвалидското осигурување со користење на податоците од матичната евиденција по автоматски пат. Неизготвувањето на Прегледот број 1 како доказ за реалноста и вистинитоста на податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигуреникот, до моментот на отпочнување на постапката за остварување на правото на пензија, може да овозможи дополна/менување на овие податоци и донесување на решение за остварување на право од пензиско осигурување базирани на неверодостојни податоци.

- Служба за матична евиденција:

Службата за матична евиденција своите работни задачи ги извршува согласно актот за организација и систематизација на Фондот, и тоа: споредба, односно контрола на податоците од „Преглед на податоци број 1„ со податоците од работничката книшка, внес на дополнителните податоци од М пријави за стаж, остварени плати и надоместоци за осигуреникот кои не биле доставени во редовна постапка по завршување на секоја календарска година, печатење и авторизација на „Преглед број 2„, кој ги содржи податоците за вкупниот стаж, остварените плати надоместоци и тоа во редовна постапка и дополнително доставени податоци. Со ревизијата е констатирано дека кај одделни подрачни единици „Прегледот на податоци број 2„, не се авторизира од страна на матичарот (референтот што врши внес на податоци во базата на податоци), што не е во согласност со претходно наведеното Упатство. Неавторизирањето на наведениот преглед создава ризик во понатамошната постапка на остварувањето на правото на пензија да дојде до менување, односно дополнување на податоците за стажот, остварените плати и надоместоци на осигуреникот во матичната евиденција, кои се клучни елементи при конечното донесување на решението за остварување на правото од пензија и нејзината исплата.

- Служба за решавање на правата во подрачните единици:

Службата за решавање на правата во подрачните единици своите работни задачи ги извршува согласно актот за организација и систематизација на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Ревизијата констатира дека во одредени подрачни единици, решавачот на предметот за остварување на правото за остварување на право на пензија (лице кое одлучува по предметот), не се потпишува на Конечен-решението, а во одделни случаи на Конечен решението недостига потписот на контролорот.
Неавторизирањето на Конечен – решението од страна на решавачот и од контролорот, може да предизвика ризик од незаконско остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување.

При проверката на нови пензиски предмети од 2011 година констатирано е дека наведените слабости се надминати, пред се во делот на авторизација и разграничување на надлежностите. За истакнување е успешното преминување на Фондот од класичен начин на решавање на правата на корисниците на пензија во електронско работење за остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување, почнувајќи од внес на податоци, пренос на податоци од фаза до фаза, па се до автоматско изготвување на решението авторизирано со електронски потпис од раководителот на подрачната единица. Решенијата во електронска форма автоматски се доставуваат до сите надлежни служби кои треба да преземаат одредени понатамошни дејствија за целосно остварување на правата кои произлегуваат од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

## 4.2. Финансиски извештаи

**4.2.1.** Со состојба 31.12.2010 година искажани се побарувања по основ на штети во износ од 67.548 илјади денари. Истите се откриени од внатрешните служби на Фондот и евидентирани се по основ на исплатени пензии: на починати пензионери, со фиктивен стаж, неисполнети услови за стекнување на статус на корисник на пензија (старосна, семејна, инвалидска). Според евиденцијата на Фондот наведената сума се однесува на дел на:

- побарувања од граѓани кои биле пензионери и на истите им престанал тој статус, при што за истите се исплатени средства во вкупен износ од 41.032 илјади денари (60,75% од искажаните побарувања по основ на штети);
- побарувања од активни пензионери кои имаат претплати или по друг основ имаат промена во исплатата на пензиите во вкупен износ од

17,653 илјади денари (26,13% од искажаните побарувања по основ на штети);

- побарувања од пасивни пензионери (починати) кои должат по разни основи (претплата или друга промена во текот на користењето на пензијата) во износ од 8.851 илјада денари (13,10% од искажаните побарувања по основ на штети) и
- побарувања од повеќе исплатени или неправилно исплатени пензии на земјоделци во износ од 12 илјади денари (0,02% од искажаните побарувања по основ на штети).

Наведената состојба има влијание врз искажаната состојба на побарувањата во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Стручната служба на Фондот да изврши целосна анализа на штетите по однос на застареност на побарувањата, да ги утврди причините за ненавремено преземените мерки и за состојбата да го информира Управниот одбор, заради преземање на соодветни чекори за надминување на констатираната состојба.

4.2.2. Со ревизијата е констатирано дека Фондот со состојба 31.12.2010 година има искажано ненаплатени побарувања по основ на ненаплатен придонес од пензиско и инвалидско осигурување во износ од 2,335,602 илјада денари, при што 1,485,974 илјада денари (63,62%) се однесуваат на побарувања евидентирани после стапување во сила на одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, додека 849.631 илјади денари (36,38%) се однесуваат за периодот до 31.12.2008 година кога пресметувањето и наплатата на придонесот беше во надлежност на Фондот. Имено, со член 32 од Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување, Фондот има обврска да ги наплати ненаплатените придонеси, како и започнатите постапки до јануари 2009 година.

Според Информацијата за текот на наплатата на заостанатите неплатени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување заклучно со 31.12.2008 година, причини за ненаплатените придонеси до 2008 година се: дел од обврзниците се во ликвидација или стечај, дел претставуваат неактивни обврзници (немаат ниту еден вработен), дел се активни обврзници, но не го плаќаат придонесот и обврзници кои не се усогласени со Законот за трговски друштва од 1998 година и не ги мигрирале сметките во банките со стапувањето во сила на Законот за платен промет од 2002 година, чии

сметки се наоѓаа во поранешната Агенција за блокирани сметки, а сега во Управата за јавни приходи.

Според наведената информација, активностите на Фондот биле насочени кон наплата на ненаплатените придонеси од субјектите кои се активни (околу 13.000 обврзници со вкупен долг од 1,430 милиони денари), а за останатите субјекти (ликвидација, стечај, без жиро сметки, вкупно околу 7.000 обврзници со вкупен долг од 2 милијарди денари), активностите биле насочени во ажурирање на базите на податоци. Во текот на 2010 година како резултат на спроведените постапки за наплата на придонесот, наплатени се 720 милиони денари, со што значително е олеснет процесот на навремена исплата на пензиите и намалување на позајмицата на Фондот од Буџетот на државата.
Структурата на побарувањата по основ на ненаплатен придонес за пензиско и инвалидско осигурување по подрачни единици е различна што укажува дека процесите на контрола и наплата се изведени со различен интензитет.

На ревизијата и беа презентирани повеќе записници од извршени контроли од страна на стручната служба на Фондот за наплата на придонесот по подрачни единици. Кај одредени подрачни единици е констатирано ненавремено составени записници, донесени решенија и доставени решенија на извршување кај надлежните деловни банки, што неповолно влијае врз вкупните активности за наплата на ненаплатените придонеси.
Ненавремената наплата на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, може да придонесе да не се остварат планираните приходи по тој основ, кое ќе има неповолно влијание врз извршувањето на основната задача на Фондот - финансирање на исплатата на остварените права на осигурениците по основ на пензиско и инвалидско осигурување.

Побарувањата по основ на ненаплатен придонес од пензиско инвалидско осигурување, евидентирани во период од 1.01.2009 година пресметани според одредбите на Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување изнесуваат 1,485,974 илјада денари, при што евидентирањето и начинот на работа е регулирано со договор потпишан помеѓу Фондот и Управата за јавни приходи.
Според договорот Фондот добива информации од Управата за јавни приходи само за наплатениот износ на придонесот, но не и за пресметаната обврска на обврзниците, со што Фондот нема целосни информации колку се побарувањата по основ на придонесот, потребно за креирање на активностите во наредниот период и каква е динамиката на наплатата на придонесот од страна на обврзниците.

**Препорака:**

- Стручната служба на Фондот да изготви целосна анализа за состојбата на ненаплатените побарувања по основ на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување настанати пред 2008 година, со утврдување на вредносните показатели за обврзниците на ненаплатениот придонес, причината за ненаплатувањето, статусот на обврзниците;
- Во анализата да се предложат конкретни оперативни мерки и датуми за динамиката на активностите за наплата или расчистување на истите. Изготвената анализа да се разгледа од Управниот одбор,
- Континуирано да се следи извршувањето на активностите по усвоените мерки и еднаш месечно писмено да се известува Управниот одбор за реализација на мерките.
- Надлежните служби по подрачни единици поинтензивно да се ангажираат при наплатата на придонесот.

4.2.3. Овластениот државен ревизор во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2008 година констатирал дека од евидентираните градежни објекти со вредност од 118.635 илјади денари, располага со имотни/поседовни листови за објектите од 13 филијали/подрачни единици во вредност од 63.210 илјади денари или 53,28% од вкупната вредност на објектите.

Одделението за стопанисување со имот во текот на ревизијата за 2008 година покренало постапка за обезбедување на имотни листови, односно поднело барања за запишување на правото на сопственост/користење на објектите.

Сегашната вредност на 36 градежни објекти (деловни простории) по филијали/подрачни единици и одморалишта искажани во сметководството изнесува 151.610 илјади денари. Во досегашниот период за 32 од нив обезбедени се имотни/поседовни листови за објект/под објект, од кои со расчистен имотно правен статус се 16 објекти чија сегашна вредност е 65.642 илјади денари. За останатите со увид во документацијата ревизијата го констатира следното:

- За четири градежни објекти со вредност од 6.311 илјади денари нема обезбедено имотен лист како доказ за сопственост односно веродостоен документ за сметководствено евидентирање, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој внесувањето на податоците во деловните книги се заснова на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи;

- За шест градежни објекти со вредност од 23.588 илјади денари како сопственици/корисници во имотните листови се наведени Фондот за здравствено осигурување и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, но за истите не е поднесено барање да се изврши етажен премер на објектите со цел поединечно запишување на правата. Ова не е во согласност со член 71 како и член 111 од Законот за катастар на недвижности според кој запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижности во катастарот е задолжително;
- За девет објекти од филијали/подрачни единици и едно одморалиште со вредност од 25.824 илјади денари обезбедени се поседовни/имотни листови за под објект и земјиште, но не е извршен упис во катастарот за недвижности, што не е во согласност со одредбите од член 71 и 111 од Законот за катастар на недвижности;
- Објектот со сегашна вредност од 30.245 илјади денари, во кој до 2008 година беше сместена филијала Скопје, според имотниот лист е сопственост на Република Македонија и со Одлука на Влада на Р.М. од 2009 година и измена на истата во април 2011 година е даден на трајно користење на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Искнижување од сметководствената евиденција ќе се спроведе по потпишување на записникот за примопредавање помеѓу Фондот и Агенцијата.

Евидентираните објектите за кои не постои веродостоен документ, нерасчистените имотно правни односи како и не извршеното излагање на објектите и упис во катастар за недвижности, предизвикува нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојбата.

Ревизијата не дава препорака бидејќи Одделението за стопанисување со имотот на Фондот има покренато постапка за обезбедување на останатите имотни листови. Исто така, склучен е договор меѓу Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија за спроведување на постапка за групна набавка за изработка на геодетски елаборати за етажен премер на објектите во кои се сместени службите на филијалите на двата Фонда.

4.2.4. Со увид во сметководствената евиденција на материјалните средства, пописните листи и остварената посета на неколку филијали/подрачни единици констатирано дека филијалите/подрачните единици немаат воспоставено материјална евиденција за опремата со која располагаат. Опремата не е идентификувана со инвентарни броеви, а физичкиот попис е

спроведен врз основа на пописните листи од претходната година, имајќи ги предвид трансакциите настанати во текот на 2010 година.

Поради наведеното не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на опремата утврдена со пописот, што не е во согласност со одредбите од член 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, според кој буџетите и буџетските корисници се должни најмалку еднаш годишно да вршат усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со попис.

Ревизорите не даваат препорака поради тоа што во текот на ревизијата превземени се активности за воспоставување на целосна материјална евиденција за опремата како основ за спроведување на постапката за попис и усогласување на фактичката состојба со сметководствената согласно одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.2.5. Позицијата природни богатства искажана во износ од 51,028 илјади денари не ја отсликува реалната и објективна состојба и покрај препораката за преземање на мерки за излагање на земјиштето/катастарски парцели дадена во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за 2008 година. Имено, оваа позиција се состои само од проценетата вредност на дел од земјиштето и тоа за земјиштето на новата административна зграда и проценетата вредност на земјиштето со кое располагаат пет филијали/подрачни единици од вкупно триесет, иако за најголем дел од нив Фондот има обезбедено имотен/поседовен лист.
Не извршеното вреднување и сметководствено евидентирање на земјиштето предизвикува нереално и необјективно прикажување на позицијата природни богатства во Билансот на состојбата.
Наведеното не е во согласност со одредбите од член 111 од Законот за катастар на недвижности.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Фондот да преземат поинтензивни мерки за излагање на останатото земјиште.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Работите кои се во надлежност на Фондот во 2010 година се извршени во согласност со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Буџетот на Фондот и Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот.
На финансиското работење на Фондот во 2010 година влијание имаше намалувањето на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, која од 1 јануари 2010 година изнесува 18,00%, во услови на економската криза која придонесе да не се остварат предвидените макроекономски индикатори за зголемување на вработеноста и порастот на платите на вработените кои имаат директно влијание на остварувањето на приходите од придонесите.



Поради ваквата финансиска состојба, Фондот во 2010 година за навремена исплата на пензиите во воспоставените рокови користеше позајмица од Буџетот на Републиката, така што висината на тековниот дефицит има тренд на зголемување секоја година, движејќи се од 1,2% во вкупните приходи на Фондот во 2001 година, до 16,2% во 2010 година. Кон наведеното би го додале фактот на зголемениот процент и на трансферираните средства по основ на „тековниот дефицит", транзиционите трошоци и редовните обврски согласно законската регулатива, кои во 2010 година учествуваат со 34% во вкупните приходи на Фондот (23,6% во 2001 година), со следаната структура:




Исто така, потребно е да се истакне дека утврдувањето на стапките на придонеси на годишно ниво во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување не е во прилог кога се изготвува Стратегијата за развој и работа на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Стратегијата како проекција треба да се заснова на утврдени стапки за долгорочен период, а не за една година.

6.2. Начинот на трансферирање на буџетските средства за потребите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика не дава реална слика за висината на буџетот на наведеното Министерство, во услови кога при трансферот на буџетските средства на сметката на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, Министерството нема значајна улога која ќе овозможи додадена вредност на овој процес.

Врз основа на изнесената состојба и законската регулатива за функционирање на Фондот, произлегува дека воспоставената законска обврска преку пресметување и плаќање на придонесот не ги задоволува потребите на пензионерите во Република Македонија, со што секоја година се зголемува зависноста на Фондот од позајмување на буџетски средства од Основниот буџет на Република Македонија.

Процесот на исплатата на буџетските средства за потребите на Фондот од Основниот буџет на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика го одолжува, односно ја пролонгира реализацијата на истите.

Заради наведеното, ревизијата е на мислење дека треба да се извршат следните измени:

- Начинот на трансферирање на буџетските средства од Основниот буџет на Република Македонија директно на сметката на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија;
- Начинот на намалување на „тековниот дефицит“ преку зголемување на стапката на придонесот или на друг соодветен начин со кој ќе се намали зависноста на системот на пензиското и инвалидското осигурување од позајмување на буџетски средства од Основниот буџет на Република Македонија.

## 7. Нагласување на прашања на неизвесност

Забележителна е активноста на Фондот во проверката на вистинскиот број на корисници на пензија, во делот на утврдување на незаконско користење на правата од пензиско и инвалидско осигурување по основ на фиктивни стажеви, неблаговремена пријава на починати пензионери и друго. Заради овие потреби, Фондот има склучено договори со Министерството за внатрешни работи и Управата за водење на матичните книги за размена и користење на податоци од матичните евиденции помеѓу наведените институции, односно за бројот на починатите лица корисници на пензии.

Како резултат на оваа активност извршено е споредување и усогласување на податоците на Фондот со податоците од Министерството за внатрешни работи заклучно со исплатената пензија во август 2010 година.

Од Министерството за внатрешни работи е добиен извештај во електронска форма за сите корисници на пензија, при што е констатирано дека 1.206 корисници се починати и за нив е исплатена пензија. Со дополнителна контрола на Фондот е утврдено дека бројот на починати лица кои користеле пензија е намален и изнесува 978 со вкупна вредност на исплатени средства од 28.174 илјади денари. Од вкупната вредност, вратени се средства од 144 корисници во износ од 18.143 илјади денари, а не наплатениот долг со

состојба 17 јуни 2011 година изнесува 9.931.илјади денари или 35,25% од вкупно утврдените неоправдани исплати.

Фондот има подготвено повеќе договори за организирана исплата на пензии и лични примања преку трансакциски сметки со банките каде е предвидена обврска банките да доставуваат податоци за лица кои подолго од шест месеци не подигнале пензија, меѓутоа дел од банките не го потпишуваат договорот, со образложение дека согласно Законот за банки, немаат можност да даваат вакви податоци до Фондот.

Заради надминување на констатираната состојба и заради неопходноста од податоците потребно е да се изврши измена и дополнување на законската регулатива, пред се во Законот за банките, во делот на „Банкарска тајна", во правото на користење на документи, податоци и информации кои се стекнати при вршење на банкарски и други финансиски активности да се вклучи и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија;

Исто така, потребно е да се истакне дека Фондот функционира во услови на намален вишок на средства (пренесени од претходната година). Имено, пренесениот вишок на средства од 2009 година според сметководствената евиденција изнесува околу 1,804 милиони денари, додека на крајот на 2010 година неискористените средства се намалени на 767 милиони денари. Наведеното е во прилог на констатацијата за влошената финансиска состојба на Фондот.

Скопје, 29/09/2011 година



*1.*________________________ ________ _______________

*2.*________________________

## ФОНД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 27,232,414 | 29,840,502 |
| Неданочни приходи | 112,091 | 194,115 |
| Капитални приходи | 9,997 | 19,406 |
| Трансфери и донации | 15,879,095 | 13,068,664 |
| Продажба на хартии од вредност | 40,784 | 74,640 |
| **Вкупно приходи** | **43,274,381** | **43,197,327** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 251,553 | 264,643 |
| Стоки и услуги | 183,991 | 217,945 |
| Субвенции и трансфери | 6,495 | 8,733 |
| Социјални бенефиции | 42,049,224 | 40,863,439 |
| **Вкупно тековни расходи** | **42,491,263** | **41,354,760** |
| **Капитални расходи** | **16,202** | **38,214** |
| **Вкупно расходи** | **42,507,465** | **41,392,974** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **766,916** | **1,804,353** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 766,916 | 1,804,353 |
| Побарувања | 3,649,342 | 1,218,655 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 0 | 1,015 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4,903 | 14,903 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 1,683 | 1,841 |
| Активни временски разграничувања | 3,639,835 | 3,521,116 |
| Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар | 2,334 | 2,143 |
| **Вкупно тековни средства** | **8,065,013** | **6,564,026** |
| **Постојани средства** | | |
| Капитални (материјални) средства | 735,749 | 694,056 |
| Природни богатства | 51,028 | 46,890 |
| Материјални средства во подготовка | 0 | 342 |
| **Вкупно капитални средства** | **786,777** | **741,288** |
| Долгорочни пласмани | 8,514,829 | 8,520,860 |
| **Вкупна актива** | **17,366,619** | **15,826,174** |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 8,032 | 11,309 |
| Краткорочни обврски по резерви | 71,965 | 41,903 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 1,381 | 0 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 530,450 | 543,011 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 22,703 | 21,266 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 1,683 | 1,841 |
| Пасивни временски разграничувања | 7,447,715 | 5,964,266 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **8,083,929** | **6,583,596** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 9,282,690 | 9,242,578 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **9,282,690** | **9,242,578** |
| **Вкупна пасива** | **17,366,619** | **15,826,174** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010година** | **719,574** | **8,523,004** | **9,242,578** |
| **Зголемување по основ на:** | **138,154** | **72,649** | **210,803** |
| Набавки на опрема и материјали | 18,622 | 14,689 | **33,311** |
| Донации | 24,396 | | **24,396** |
| Позитивни курсни разлики | | 49,991 | **49,991** |
| Промена на номинална вредност | | 7,969 | **7,969** |
| Пренос од инвестиции во тек | 342 | - | **342** |
| Ревалоризација на набавна вредност | 94,794 | | **94,794** |
| **Намалување по основ на:** | **92,327** | **74,116** | **170,691** |
| Расходување и кусок на опрема | 90,827 | **4,248** | **95,075** |
| Намалување по основ на продажба | 19968 | 50,286 | **70,254** |
| Материјали дадени во употреба | | 14,376 | **14,376** |
| Негативни курсни разлики | | 251 | **251** |
| Амортизација | 46,565 | - | **46,565** |
| Кусок | 7 | - | **7** |
| расходи и отугувања | (100,562) | | **(100,562)** |
| Ревалоризација на амортизација | 35,522 | | **35,522** |
| Ликвидациона постапка | | 9,203 | **9,203** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **765,401** | **8,521,537** | **9,282,690** |